Поимот „ефикасност на судството“ пред ревизорскиот тим постави два аспекта на разгледување.

Според едниот, целта е да се анализира судството преку бројот на донесени одлуки односно решени предмети во што пократок рок и со што помала цена на чинење за извршената работа.

Од друга страна ефикасноста може да се анализира како квалитет на донесените одлуки, мерено преку бројот на обжалени судски одлуки и нивното потврдување, преиначување или укинување од повисоките судови. Меѓу овие два аспекта за „ефикасност на судството“, ревизорскиот тим смета дека не може да се постави строга граница. Извршувањето на ревизијата на успешност треба да одговори на избалансираноста меѓу брзината (временската рамка) на постапката, оптималните ресурси и законитоста и правилната заштита на правата на граѓаните и правните субјекти.

Ревизијата ги дефинираше следните конкретни цели кои се однесуваа на ефикасноста на судството во решавањето на предметите:

- Запазување на роковите утврдени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) при усогласување на законската регулатива која ја уредува материјата за ефикасно решавање на предметите во судството со регулативата на Европската унија, како и подобрување на постоечката законска регулатива;
- Влијание на финансиските, материјално-техничките ресурси и човечките капацитети ангажирани во судството врз ефикасноста во решавањето на предметите;
- Анализа на донесените судски одлуки од аспект на нивниот квалитет и квантитет[1];
- Достапност, примена и влијанието на судската практика, законската регулатива на сите нивоа на судска власт и инструментот „медијација“ при решавање на судските предмети.

Од истражувањата, ревизорите оценија постоење на повеќе ризици за натамошно спроведување на ревизијата на успешност:

- Процесот на усогласување на законската регулатива од областа на правосудството со регулативата на Европската унија, не секогаш е во согласност со временската рамка утврдена со НПАА и во целост не е воспоставен систем за подобрување на постоечката законска регулатива;

[1] Квантитативната анализа се спроведува преку ориентациониот број на предмети што треба еден судија да ги реши во текот на еден месец, како и преку вкупниот број предмети во работа во еден суд, бројот на решени, нерешени и заостанати предмети. Квалитативната анализа се однесува на вкупниот број обжалени судски предмети и донесените одлуки од повисоките судови со кои може првостепената одлука да се укине, потврди, преиначиа

- Расположливите средства за финансирање на судската власт не обезбедуваат непречено функционирање на судството;
- Недоволна кадровска екипираност во судовите, стручно усовршување на судската служба и другите вработени и делумно воспоставена евиденција за судската служба;
- Судовите не располагаат со доволен и соодветен простор за работа, опрема и информатичка технологија;
- Отсуство на законски или подзаконски акт во кои јасно ќе бидат дефинирани критериуми со кои ќе се овозможи објективен избор и можност за поголема ангажираност на регистрираните поротници, вештаци и преведувачи;
- Неуредна достава на судската пошта и застој во доставувањето на податоци, списи, акти и исправи од државните органи и други правни лица при решавање на претходни прашања поврзани со судската постапка влијаат врз ефикасноста на судството;
- Недоволни и квалитетни докази кои ќе укажат на постоење на јасни критериуми врз основа на кои е определен ориентациониот број на предмети кои треба еден судија да ги реши во текот на еден месец;
- Постои ризик дека судиите и судската служба имаат несоодветно следење и примена на судската практика и
- Недоволна информираност, промовираност, достапност и употреба на инструментот „медијација" во решавањето на судските спорови.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да ги идентификува клучните фактори кои влијаат на ефикасноста на судството во решавањето на предметите, анализа на истите, откривање на причините и последиците за постојната состојба и креирање на препораки за надминување на утврдените слабости.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 – Опфат и методологија на овој извештај.